**IV. РАСПОРЕД ЗА РАБОТА ЗА 2018 ГОДИНА**

-Претседателот на судот-судија Анкица Димитровска, во следните предмети од кривичниот оддел:

а.) "КР", "ИСАМ","ПК", "ИОИП", "ЗАМ-К", "КПД" ,"КПД I" -сите;

б.) "КПОВ","ПРК-ПОВ","КУК","УО" , "КП" ,"КС", "КС-КР" по 1/2 (автоматска распределба);

-Претседателот на судот-судија Анкица Димитровска, во следните предмети од граѓанскиот оддел:

а)"ЗАВ-С","ЗАВ-Х","СУ-ИЗЗ","ИДС","ЗАВ","ЗАВ1","ЗАМ-С","СУ", "СУ-ДОВ","СУ-СТР. ДОВ", "УПП", СПИ-сите

-Судија Виолета Наумовска, во следните предмети од кривичниот оддел :

а.) "КПОВ" ,"ПРК-ПОВ" , "КУК" ,"УО" , "КП" ,"КС" , "КС-КР" по 1/2 (автоматска распределба);

-Судија Виолета Наумовска , судија Љубица Цветковска Стојановска и судија Благица Ѓошевска во следните предмети граѓанскиот оддел :

а.) "П1", "П2" , "П3" , "П4", "П5", "МАЛВП", "РО", "ПЛ1-П", "ПЛ" ,"ИЗС, "ПОМ","РП","О1","ИПКД", "ИПК" ,"ПИ", "ВПП","ВПП1","ВПП2","РВПП","ОДС", "ОНАД" по 1/3-една третина (автоматска распределба);

-Судија Благица Ѓошевска "ИПРК", "КУИКП", "ИКП"и "ППНИ"-сите.

-Судија Орце Јанковски и судија Лоза Илиевска, во следните предмети од кривичниот оддел :

а.) "К", "К-ПП", "ПРК-С", "ПРК-Ј", "ПРК-О" и "ПРК-Р", - по 1/2-една половина (автоматска распределба)

Претседател на кривичниот оддел е претседателот на судот-судија Анкица Димитровска.

Заменик на претседателот на судот и претседател на граѓанскиот оддел во 2018 година е судија Љубица Цветковска Стојановска .

Одговорно лице за односи со јавноста и комуникација со медиуми е судија Виолета Наумовска.

Членови на кривичниот совет вон главна расправа се претседателот на судот Анкица Димитровска (во предметите во кои по извршената автоматска распределба претседател на советот е судија Виолета Наумовска) и судиите Виолета Наумовска (во предметите во кои по извршената автоматска распределба претседател на советот е претседателот на судот Анкица Димитровска) и Љубица Цветковска Стојановска. Заменици членови на кривичниот совет вон главна расправа се судиите Благица Ѓошевска, Орце Јанковски и Лоза Илиевска.

Дежурството на кривичниот оддел ќе се врши од Претседателот на судот-судија Анкица Димитровска и судиите Орце Јанковски и Лоза Илиевска. Дежурството се организира на повик и се уредува со распоред кој периодично го донесува Претседателот на судот.

Според приливот на нови предмети и бројот на предметите кои веќе ги имаат во работа, се очекува судиите што работат во граѓанските, кривичните и прекршочните предмети да го совладат приливот на предмети и да ја постигнат месечната ориентациона норма.

Претседателите на кривичниот и граѓанскиот оддел се должни да вршат преглед на работата на одделот и претседателот на граѓанскиот оддел да го известува Претседателот на судот за преземените дејствија, најмалку еднаш на три месеци и да свикуваат седници на одделот по своја иницијатива, по барање на судиите од одделот, а во секој случај најмалку еднаш на 15 дена, на кои седници ќе се разгледуваат предметите вратени од повисоките судови и ќе се формираат правни мислења и заклучоци во предвидената постапка со Судскиот деловник, од значење за функционирањето на одделот, а особено за создавањето на единствена судска практика, ќе се анализира и унапредува судската достава како и наплатата на судските такси, а внимателно се разгледуваат и карактеристичните најчести причини за одлагање на рочиштата, при што се утврдуваат предлог-мерки за спречување на злоупотребата на процесуалните овластувања од странките, нивните полономошници и другите учесници во постапката. Ќе се разгледува извршувањето на санкциите, како и другите обврски наложени со одлуките, се' со цел да се подобри квалитетот во постапувањето и одлучувањето во предметите и ефикасноста во работата на овој оддел. На седниците на одделот задолжително се разгледува динамиката на објавувањето на одлуките на ВЕБ-страната на судот, тонското снимање на рочиштата, електронската достава,

казнената и кривичната евиденција и работата во АКМИС и се дава оценка за квалитетот и обемот на неговата примена. На секоја од седниците се води записник и се регистрираат правните мислења и заклучоци. Во работата на седниците учествуваат и стручните судски службеници, ангажирани на одделот. Записникот го води еден од стручните службеници.

Претседателите на одделите имаат посебна обврска да ги издадат и потпишат наредбите за архивирање и потврдите за правосиност и извршност на кривичните и граѓанските предмети на судиите кои повеќе не ја вршат судиската функција во Основниот суд Крива Паланка.

Согласно со Судскиот деловник, а заради обезбедување на јавност во работата, судењето се одржува единствено во судниците, со следниот распоред:

**СУДНИЦА I: -** судија Виолета Наумовска понеделник и среда, судија Љубица Цветковска Стојановска вторник и четврток и судија Благица Ѓошевска петок,заради тонско снимање на рочиштата;

**СУДНИЦА II:** -Судија Љубица Цветковска Стојановска среда, судија Виолета Наумовска вторник и судија Благица Ѓошевска понеделник и четврток ;

**СУДНИЦА III:** -Претседател на судот и по потреба од другите судии, и

**СУДНИЦА IV:** -Судија Орце Јанковски во понеделник, вторник и четврток и судија Лоза Илиевска во среда и петок.

**СУДИИТЕ СЕ ДОЛЖНИ СУДЕЊАТА ДА ГИ ОДРЖУВААТ ВО САЛИТЕ ЗА СУДЕЊЕ И ЗА ВРЕМЕ НА СУДЕЊЕТО ДА НОСАТ ТОГА (чл.57 од Законот за судовите).**